**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6484 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75 -а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 1 до 9 декември 2016 година, односно последниот извештаен период, мониторингот на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа е спроведено врз примерок од 18 изданија на „Вестите" во 17:30 и во 23 часот.

Анализирани се прилози со времетраење од 6 часа 13 минути и 5 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:23:24 | 48,45 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:00 | 14,49 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:20 | 19,32 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:51 | 5,90 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:00 | 6,21 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:43 | 5,62 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:48:18** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Граѓански сектор | 00:05:09 | 9,13 | % |
| ДИК и други органи | 00:15:46 | 27,96 | % |
| Други субјекти | 00:20:45 | 36,80 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:33 | 4,52 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:51 | 12,15 | % |
| АРМ | 00:02:38 | 4,67 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:41 | 2,99 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:30 | 0,89 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:30 | 0,89 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:56:23** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:46:21 | 54,28 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:20:55 | 41,30 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:17 | 0,14 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:17 | 0,14 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:17 | 0,14 | % |
| Левица | 00:06:36 | 3,37 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:12 | 0,61 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:15:55** | **100** | **%** |

Најголемиот дел од времето – 3 часа 15 минути и 55 секунди, се состои од извештаите од активностите на учесниците во изборната кампања (Табела 1). Прва по застапеност меѓу политичките субјекти на изборите кои имаат по седум потврдени листи со кандидати е Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 1 час 46 минути и 21 секунда (54,28%), при што овде спаѓаат и обраќањата на странските политичари на митинзи на овој субјект, како и изјавите на странските инвеститори во врска со инвестициите најавени од Никола Груевски; следуваат извештаите од кампањата на Коалицијата предводена од СДСМ – 1 час 20 минути и 55 секунди (41,30%); за ДУИ има 1 минута и 12 секунди (0,61 %), а нема извештаи за Коалицијата ВМРО за Македонија. Во вестите, е известувано и за активностите на Левица (со пет листи) за која се алоцирани 6 минути и 36 секунди (3,37%). За Коалицијата за промени и правда, која има шест потврдени кандидатски листи, има 17 секунди (0,14%), колку што имаат и ДПА, со пет листи, и Алијансата за Албанците со четири листи (ова време се должи на неколку генерални информации за изборите). Не е информирано за вкупно четири учесници во изборната кампања.

Прилозите за активностите на власта зафаќаат 48 минути и 18 секунди од времето во „Вестите" (Табела 1), а се однесуваат на: реакцијата на техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски за наодите на Антикорупциската комисија; ставот на дополнителниот заменик-министер во МВР Оливер Андонов на оваа тема; посетата на вицепремиерот Владимир Пешевски, на Виктор Мизо, директорот на Дирекцијата на ТИРЗ и на Лудвиг Батон од „ОДВ електрик" во слободната економска зона во Охрид; изјавите на премиерот Емил Димитриев и вицепремиерот Владимир Пешевски во врска со рестартирањето на рудникот „Тораница"; изјавите на заменик-министерот за образование Спиро Ристовски и на Габор Берцели од Институт Роберт Шуман во врска со реформите во образованието; изјавите на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски во врска со експресните патишта Битола – Меџитлија, Штип – Кочани и за асфалтирањето улици во Општина Ѓорче Петров (заедно со градоначалникот Сокол Митровски); на министерот за одбрана Зоран Јолевски и Денис Прат од Броудстоун секјурити; средбите на министерот за финансии Кирил Миноски со претставници на компании за чипс и за продажба на трактори и земјоделска механизација; изјава на директорот на Дирекцијата за ТИРЗ Виктор Мизо во врска со три странски инвестиции (во овој прилог има време и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, поради најавите на Никола Груевски), учеството на вицепремиерот Никола Попоски на Министерскиот совет на ОБСЕ во Хамбург.

Преку извештаи со времетраење од 56 минути и 23 секунди (Табела 1), се информира за други теми поврзани со изборите: активностите на Антикорупциската комисија во врска со работата на техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски; изјава на началникот на Генералштабот на АРМ Методија Величковски; испитувања на јавното мислење; изјавите на сопственикот на „Чагатај Кабло", изјавата на претседателот на Македонија Ѓорге Иванов за изборите; активностите и информациите од ДИК за гласањето и преземањето на гласачкиот материјал; гласањето на АРМ.

Директните обраќања во прилозите со информативни жанрови се распределени така што за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ има 1 час 2 минути и 3 секунди (38,76%), за Коалицијата предводена од СДСМ – 58 минути и 38 секунди (36,62%), а за сите други субјекти застапеноста е помала од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:04:52 | 3,04 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:02:03 | 38,76 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:58:38 | 36,62 | % |
| Влада на РМ | 00:09:38 | 6,02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:52 | 1,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:55 | 5,57 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:44 | 0,46 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:11 | 1,36 | % |
| АРМ | 00:01:34 | 0,98 | % |
| Левица | 00:02:44 | 1,71 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:47 | 0,49 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:20 | 0,83 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:52 | 1,17 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:56 | 1,21 | % |
| | **Вкупно: 02:40:06** | **100** | **%** |

Во овој последен извештаен период, 1 час 12 минути и 29 секунди од „Вестите" на ТВ Алфа во 17 часот и 30 минути и во 23 часот, се коментари и осврти.

На први декември во „Вестите" во 17:30 и во 23 часот, се емитуваат четири прилози во кои се коментира.

Во „Република": Српската партија „Двери" ја потврди кражбата – СДСМ врши политичка измама со нашата кампања" (1 минута и 38 секунди) има негативна рамка за СДСМ. Во најавата се коментира дека кога на Срѓан Ного од српското движење „Двери" му била покажана кампањата на СДСМ, тој „шокирано ја препознал" кампањата на својата партија. Се пренесува дел од интервју од „Република", за тоа дека дизајнот на кампањата на СДСМ е многу сличен на нивниот.

Наредниот прилог - „Дневник": Апетитите на ДУИ нагло пораснаа, Али Ахмети без силно мнозинство на ВМРО ДПМНЕ ќе бара да биде премиер" (3 минути и 2 секунди) пренесува напис од весникот „Дневник" со изјави на функционер од ДУИ. Во најавата се вели: „Апетитите на ДУИ нагло пораснаа, буквално до таван, како што милува да каже народот. По отворањето на Пандорината кутија со најавите за двојазичност, федерализација и можноста за менување на Уставот, Али Ахмети сега типува на премиерската функција". Во прилогот, се вели дека „додека двајца се караат третиот користи", односно дека ако некоја од македонските партии нема мнозинство, во ДУИ очекуваат тие да го добијат мандатот за формирање влада. Освен премиерската позиција „ДУИ ги меркал и сите економски сектори, а ... Мендух Тачи да стане вицепремиер со право на вето." Се вели дека за тезата Албанец да биде премиер „СДСМ веќе долго зборува во јавноста" и тоа е „карта на која игра" Заев на овие избори за да придобие албански гласови (се репризира снимка од изјавата на Заев за Нова ТВ). На „овие математики им пркоси ВМРО ДПМНЕ" вели ТВ Алфа и емитува изјава на Никола Груевски од митинг дека со т.н. широка коалиција СДСМ го теши членството зашто убедливо ќе загуби.

Наредниот прилог се однесува на изјавата на Љубомир Фрчкоски на трибината на „контроверзните ИФИМЕС, најпознатите словенечки лобисти за СДСМ" кого словенечките медиуми, пред пет дена, го поврзувале со коруптивна афера со градоначалникот на Копер „инаку добар пријател на Зоран Заев". Коментарот е насловен „Фрчковски: Заев е похрабар одошто очекував! Нудењето двојазичност му носи 6% од албанските гласови!" (2 минути и 54 секунди) и има негативна рамка за СДСМ и позитивна за ВМРО ДПМНЕ. Се вели дека по примерот на Заев, и Фрчкоски зборувал за двојазичноста и оти тој досега неколкупати ја промовирал идејата за Албанец-премиер. Се пренесува ставот на ВМРО ДПМНЕ дека гласот за оваа партија ќе биде глас против тргувањето со македонските национални интереси. Се вели дека во програмата на СДСМ е предвидено децата да учат албански уште од градинките (се цитира делот од програмата за мултикултурност).

Во најавата за прилогот за анкетата со граѓани „Анкета: Не само фантоми, СДСМ ќе измисли сѐ и сешто, но казната следува на 11 декември" (1 минута и 18 секунди) се вели дека откако ДИК "дефинитивно утврди дека фантомите на СДСМ беа само обичен, башка лош изговор за бегство од изборите во април, а подоцна и јуни, и граѓаните во анкета потврдуваат дека се свесни за лагата и најавуваат казна" – негативна рамка за СДСМ.

На 2 декември, во двете изданија на „Вестите“ има два прилога со коментари.

Освртот „Двојазичноста ја отвори Пандорината кутија можна ли е промена и на името?“ (2 минути и 7 секунди) има негативна рамка за СДСМ. Во него се поставува прашањето дали откако Заев ја отворил Пандорината кутија, освен двојазичноста се заговара и широка коалиција која би требало да го промени името на земјата по изборите? Се вели дека доколку Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ не освои 63 пратеници можно е пазарење со македонските национални интереси. Се пренесува дека Љубомир Фрчковски, на трибината во Словенија, го повторил она што Заев го зборувал пред дијаспората во Берн, Швајцарија. Има изјава од професорката Иванка Додовска (комплетно паднаа маските, тоа што го нуди Заев е веќе регулирано, нормално е албанските партии, ставени во ваква ситуација, да дадат поголеми понуди). Се емитува изјава на Шеќеринска од претходни избори за тоа дека за шест месеци ќе се добие покана за влез во НАТО и европски преговори и се вели дека ставот на ВМРО ДПМНЕ е оти нема да прифати промена на Уставот за да се промени уставното име, ниту идеи и предлози кои ќе го загрозат македонскиот национален идентитет.

Подолу, во „Од 12 дена изборна кампања, прекршувања забележани дека правела СДСМ“ (55 секунди) се вели дека медиумите објавиле информации за повеќе злоупотреби, и цитирајќи го „Курир“, медиумот потсетува на тврдењата за разнесување партиски материјал со службени возила во Куманово, снимањето спот во Струмица, делењето пропаганден материјал од вработени во ПОЦ, а се вели и дека „Република“ објавила како челници на невладини се збогатиле работејќи во корист на СДСМ. Прилогот има негативна рамка за СДСМ.

На 3 декември, во „Анкетите на СДСМ потсмев кај членови на партијата“ (1 минута и 48 секунди) се коментира анкетата на „Рејтинг“, за која претходно не е известено. Во најавата се вели дека според познавачите „новите анкети на СДСМ се креирање еуфорија и нереални очекувања“ и оти на сите избори има иста стратегија со анкети чии резултати траат само до денот на изборите. Се вели оти, покрај сомнителната Адриа, како спаринг партнер во оваа игра се јавува Рејтинг на Ѓорѓи Спасов. Се пренесуваат Фејсбук статуси со критики за анкетите на Рејтинг од Ивор Мицковски и Бранко Геровски и се повторуваат резултатите од анкетата на Брима Галуп. Негативна рамка за СДСМ.

Што можат да направат сценаристите на Зоран Заев за отворање на прашањето на двојазичноста, се прашува во најавата за коментарот „Сценаристите на СДСМ можат да направат стратешка грешка“ (3 минути и 23 секунди) и се надополнува оти изјавите на Заев во Швајцарија кај јавноста предизвикале нервоза и страв, а оти Груевски повеќепати потенцирал дека прашањето треба да остане затворено за да не биде многу кобно за македонскиот народ. Во прилогот, повторно се вели дека Заев ја отворил Пандорината кутија и се репризира неговата изјава за јазикот, дадена во Берн. Се потсетува на двојазичните табли за партиските штабови и на соопштенијата на СДСМ. Се повторува дека ако ВМРО ДПМНЕ не обезбеди 63 пратеници можни се разни преговори и пазарење со македонските национални интереси. Се емитува изјава на Груевски на оваа тема, како и изјавата на унгарскиот министер Сијарто со поддршка на ВМРО ДПМНЕ. На крајот се вели дека примерот на швајцарските кантони, за кој зборувал Заев, е пресликан во програмата на СДСМ по што се наведуваат мерките за реорганизација и политипни општини. Прилогот има негативна рамка за СДСМ и позитивна за ВМРО ДПМНЕ.

Обата прилога се емитувани во двете изданија на вестите.

На 4 декември, во двете анализирани дневно-информативни изданија, се емитува коментар: Немири и судири меѓу граѓаните ќе донесе двојазичноста на Заев. Во најавата се вели дека според познавачите „туркањето на концептот од страна на лидерот на СДСМ Заев, за двојазичност и кантонизација може да донесе нови немири и судири во државата“, се додава оти Заев е свесен оти штетата за Македонија може да биде голема, но и натаму сака да го спроведе тоа сценарио. Се емитуваат изјави на политичкиот аналитичар Никола Србов (јавноста виде за што зборуваше Заев иако тој сега вели дека тоа не е точно), универзитетската професорка Иванка Додовска (паднаа маските, нормално е албанските партии, ставени во ваква ситуација, да дадат поголеми понуди). Потоа се потсетува на постарата колумна на Бранко Геровски за федерализацијата и оти тоа е она што Заев го промовирал во Швајцарија и се репризира неговата изјава. Се

пренесуваат и негативни реакции од Фејсбук профилот на професорот Љубомир Цуцуловски, репризирана е изјавата на Никола Груевски дека е потребно ВМРО ДПМНЕ да освои 63 пратеника и се потсетува на изјавата на Трајко Вељаноски дека целта е да се редефинира државата, да се смени уставниот поредок и уривање на позициите на Македонија во споровите со соседите вклучувајќи го и името. Негативна рамка за СДСМ и позитивна за ВМРО ДПМНЕ.

На 5 декември, коментарот „Анализа: Двојазичност и федерализација како основа за нов меѓуетнички конфликт во државата?!" (3 минути и 46 секунди) претставува ново навраќање на двојазичноста и федерализацијата, и има негативна рамка за СДСМ. Во најавата се вели: „Дали двојазичноста на целата територија на државата и федерализацијата, која логично се надоврзува како домино ефект на отворените националистички апетити, се и основа за можен меѓуетнички конфликт. За жал, коцката е фрлена, а со последиците ќе се справува новата влада која ќе ја добиеме за само шест дена". Се надополнува дека според аналитичарите, обидите на Заев да се приближи до Албанците ќе останат без резултат, зашто тие „како секогаш ќе си гласаат за албанските партии, но како и да е, Пандорината кутија со понудените повластици за привлекување гласови од СДСМ е отворена, а со жешкиот костен ќе треба да се справува токму новата влада". Се пренесува изјава на универзитетскиот професор Александар Даштевски (нема да се смени практиката Албанците да гласаат за своите партии, Македонците за своите, по изборите останува отворено прашањето за употребата на јазиците - наметнато од Заев - кое им штети на националните интереси). Се вели дека концептот на Заев за излегување од Рамковниот договор и примена на швајцарскиот модел на кантони наиде на критики и од помалите етнички заедници, на што се емитува изјава на Демир Далип, од Здружението на Египќани (нема да се дозволи промена на Уставот, уставниот поредок). Се вели дека по примерот на Заев, и Фрчкоски зборувал за истите тези за двојазичноста (се репризира неговата изјава од Љубљана) и оти тој досега неколкупати ја промовирал идејата за Албанец-премиер.

Потаму во вестите, се пренесува напис „Дневник": Заев изјави: „Ако Зоран Заев ги изгуби овие избори, ќе си одам од политиката" (1 минута и 26 секунди) за тоа дека Зоран Заев, Али Ахмети и Мендух Тачи изјавиле оти ќе поднесат оставки (секој од различни причини), а Никола Груевски тоа не го сторил оти очекува да победи на изборите.

Истиот ден има и преземен/симулиран коментар „Курир: Близок соработник на Спасовски и Шилегов одговорен за операцијата „Поткуп со дрва" во Куманово" (1 минута и 34 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во прилогот се вели дека преку невладина организација, која служи како параван, се делеле дрва на Роми во Куманово што „всушност е купување на гласови" и дека зад тоа стои СДСМ. Се наведува дека едно од лицата кое добило дрва, се легитимирало со партиска книшка на СДСМ. Се наведува дека, при посетата на СДСМ во тоа маало, на граѓаните им било речено „да не се секираат за ништо оти сега полицијата е под СДСМ". На крајот се тврди дека според фотографии до кои дошол „Курир" лицето кое ја води невладината организација е „близок соработник на генералниот секретар на СДСМ и технички министер за внатрешни работи Оливер Спасовски и на Петре Шилегов.

Во извештајот „Левица" најави укинување на извршителите" (2 минути) се коментира дека оваа партија има малку средства и е бојкотирана од „опозициските медиуми", но и покрај тоа анкетите покажуваат постојан раст на нејзиниот рејтинг.

Првите два прилога се емитувани и во 17:30 и во 23 часот, додека вторите два само во 17:30.

На 6 декември, во коментарот „Тема: СДСМ веќе ја спроведува двојазичноста во пракса?!" (2 минути и 18 секунди) се зборува за тоа дека СДСМ, по двојазичните табли на партиските штабови и соопштенијата, почнала и партиските состаноци да ги држи на албански јазик. Потоа се емитува снимка од Мухамед Зекири кој говори на албански јазик на партиски состанок. Се наведува и дека летоците за покани на митингот во Куманово биле двојазични, со тоа што албанскиот јазик бил прв. По ова се пренесува соопштението од „Македонски манифест" кој се противи на употребата на албанскиот јазик на територијата на целата земја. Прилогот има негативна рамка за СДСМ.

Во најавата за наредниот прилог, се вели дека мнозинството граѓани се запрепастени од најавите на лидерот на СДСМ. Означен со телопот „Тема: Над 90% Македонци против двојазичност" (2 минути и 19

секунди), прилогот има негативна рамка за СДСМ и во него се пренесува анкета со граѓани и податоци на оваа тема од резултатите од испитувањето на јавното мислење на „Павел Шатев".

Обата прилога ги има во двете анализирани дневно-информативни емисии.

На 7 декември, во двете изданија на „Вестите", има преземен/симулиран коментар „Република: Антимакедонската политика на Зоран Заев не е новитет на СДСМ" (2 минути и 3 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во него се вели дека „планот за кроење на Македонија" бил спремен во 2004 година, при референдумот за територијалната поделба. Во него се прикажуваат документи од Државниот архив за „пазарењето за албанската поддршка" меѓу СДСМ и ДУИ на претседателските избори „на сметка на илјадници македонски граѓани од Струга и од Кичево кои беа директно засегнати од катастрофалната територијална поделба". Се наведува дека во белешките од Државниот архив стои оти владата на СДСМ самата понудила неприродно прекројување на границите - за Струга и Кичево да станат доминантно албански општини, и тоа без вакво нешто да биде побарано од етничките Албанци. Се тврди и дека пред 12 години владата на СДСМ го претставувала „концептот за албанизација на Струга и Кичево" како неминовен. Потоа се говори за поддршката од албанската дијаспора, што сега преку Муса Љамалари ја добива Заев, а тогаш пристигнала од Љутфи Хазири.

На 9 декември, во „Вестите" во 17:30 и во 23 часот има коментар „Заев: СДСМ има 10.000 членови Албанци" (2 минути и 43 секунди) со негативна рамка и тон за СДСМ. Во најавата се вели дека „Заев на секаков начин се обидува да привлече албански гласови и според него тоа е доволна причина за спроведување на концептот двојазичност. Но, останува отворено прашањето како ќе се спроведат идеите на Заев во реалност? Дали таксистите ќе сакаат да научат албански јазик?" Се пренесува изјавата на Заев од Берн дека СДСМ има 10.000 членови - Албанци. Се вели оти она за што се застапувал во Берн (за Рамковниот договор, редефинирањето на Македонија и двојазичноста), Заев целосно го променил во текот на кампањата (се емитува обраќањето на Зоран Заев во Швајцарија. Потоа, навраќајќи се на дилемата од најавата околу тоа како ќе се спроведе идејата, се наведува оти таксистите, кои на почетокот од идната година треба да говорат англиски, велат оти за нив е најважно да имаат работа за да ги прехранат семејствата, а не да учат уште еден јазик. Потоа се наведува дека, според Инфомакс, Заев „најсилната поддршка ја добива од косовските медиумски магнати и пропагатори на големоалбанската идеја". Се посочува Фејсбук статус на Захир Бекири Чауш со интервју со Батон Хаџиу, директор на ТВ Клан од Косово, за тоа дека „сепаратистот и дезертер, а воедно и лидер на СДСМ Зоран Заев е единствениот човек кој може да ги спаси Албанците во Македонија". Според Хаџиу, македонската нација е измислена, а Груевски и ВМРО ДПМНЕ пропагираат лажна историја.

***<u>Други програми</u>***

ТВ Алфа, во овој извештаен период, ја емитува документарната програма „Светот по Сорос", во која се користат инсерти од Шарената револуција во Скопје. Првиот дел е емитуван на 4, а вториот на 8 декември. Во емисијата зборуваат повеќе соговорници (странски и домашни), меѓу кои Мирка Велиновска, Тања Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Борјан Јовановски, Миленко Неделковски, Зоран Витанов, Владимир Божиновски, Ирена Цветковиќ, итн. Сценаристи се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков.

**Член 75-б од Изборниот законик**

ТВ Алфа, во последниот, десетти извештаен период (од 1 до 9 декември 2016 година), ги емитува следниве прилози во кои власта се поврзува со политички субјект:

***Алфа Вести во 17:30 часот 03.12.2016***

17:54:18-17:56:40 „Реформи во високото образование" – во прилогот говорат Спиро Ристовски, заменик-министер за образование и Габор Берцели од Институтот Роберт Шуман. Новинарката во прилогот прво вели „...реформи кои ќе следат во основното и средно образование по изборите...што ќе биде клучна реформа во наредните четири години, најави заменикот министер и член на ВМРО ДПМНЕ, Спиро Ристовски". На крајот од прилогот вели „Ристовски додаде дека задоволство е што Европската народна партија дава поддршка со конкретни активности за ВМРО ДПМНЕ. Мотив за партијата се и многу значајни личности од ЕУ присутни на митинзите".

***Алфа Вести во 17:30 часот 08.12.2016***

17:34:10-17:38:14 „Три нови странски инвестиции во Македонија и отворање на 500 нови работни места" – во контекст на најавата на новите инвестиции се пренесува Фејсбук статус на Никола Груевски, има изјави од странски инвеститори и од директорот на Дирекцијата за ТИРЗ Виктор Мизо со што власта се поврзува со политички субјект.

***Сектор за програмски работи***